Сања Јовановиќ
30.04.25

Архивски знак: ______ год.
Рок на ч... ______ 20__ г.
______ Потпис

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката
СКОПЈЕ

| Примено: 30-04-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2775/ | | |

# Барање за пристап до информации од јавен карактер

**До:**
**АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката – Скопје**
**ул.Орце Николов бр,138 – 1000 Скопје**

**Од:**
[redacted]
**ул.** [redacted] **бр.** [redacted]
**Битола**
**Е-пошта:** [redacted]

**Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер – користење на објект на КП 17205 и КП 17206, КО Битола 5**

Врз основа на член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/2019), поднесувам барање за следните информации во врска со објектот кој се наоѓа на катастарските парцели КП бр. 17205 и КП бр. 17206, КО Битола 5, а кој според сознанија е под управување од вашата подружница:

1. Дали објектот се издава под закуп од страна на вашата институција?
2. Доколку да, на кого му е издаден (име/правно лице)?
3. Кој е датумот на склучување на договорот за закуп и за кој период важи?
4. Кој е месечниот износ на закупнина?
5. Дали за истиот објект постои легализација или друг акт за градење?

Овие информации ми се потребни за заштита на моето право на сопственост и планирање на правни постапки. Барам информациите да ми бидат доставени по пошта на наведената адреса или електронски на наведената е-пошта.

Со почит,

[redacted]

Скопје 30.04.2025

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-2775/4 | | 15.05.2025 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-2775/1 од 30.04.2025 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр.03-2775/1 од 30.04.2025 година за пристап до информација од јавен карактер, а по доставено барање од страна на лицето [redacted] во однос на користење на објект на КП бр.17205 и КП бр.17206, КО Битола

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со Вашето барање наш арх.бр. 03-2775/1 од 30.04.2025 година за пристап до Информации од јавен карактер, а во врска со горенаведените барани информации, Ве известуваме за следново:

Согласно податоците добиени од страна на Подружница Битола ви го доставуваме следниот одговор:

Објектот-деловен простор на приземје согласно Оглас бр.2/09 од 07.05.2009 година, закупецот ДООЕЛ Г-Т Компани и [redacted] го користи по основ договор за закуп на деловен простор склучен на ден 22.09.2009 година. Договорот е склучен со Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ како закуподавач и ДООЕЛ Г-Т Компани и[redacted] како закупец.

Деловниот простор, предмет на овој договор е со површина од 343,00 м2, а согласно огласот, закупецот користи дел од вкупната површина од 186,67м2 (дел Ц-73,29 м2 и дел А-113,38 м2)-како што е наведено во договорот склучен договор за закуп со Акционерското друштво ОДУ бр.628/09 од 29.09.2009 година на нотар Вера Караманди од Битола.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

Договорот е склучен на определено време од 2 години, и тоа од 22.09.2009 година до 22.09.2011 година.

Месечниот износ на закупнина изнесува 15.517,00 денари.

1.По пописот за деловен простор на Акционерското друштво на ул:Боримечка приземје, локал 6/1 на КП 17206 за КО Битола 5 евидентиран е закуп на ДООЕЛ Г-Т Компани и [redacted] од Битола (343м2)

2. По пописот на деловен простор на Акционерското друштво на ул:Боримечка приземје, локал 6/2 на КП 17206 за КО Битола 5 не е евидентиран закуп, т.е. се води како празен деловен простор (190м2)

За објектот нема легализација , бидејќи постои одобрение за градба кое ви го доставуваме во прилог на дописот.

Понатаму, ви ја доставуваме и останатата документација со која располага Подружница Битола, а се однесува на деловниот простор- магацин кој е застроен на КП 17206 за КО Битола 5.

Прилог- Имотен лист за земјиште број 71087 за КО Битола 5 на име [redacted]

-графички приказ на парцели
- договор за закуп

-ситуација, технички извештај, проект
- одобрение за градба на времен објект
-дел од проект од каде се гледа дека има урбанистичка согласност и одобрение за градба, главен проект темелна рекострукција

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска